Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 19 август 2022 година

Скопје, август 2022 година

# З А П И С Н И К
## од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 август 2022 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 10:10 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваа и Снежана Наџаковска и Ирена Арнаудова - Малинкова државни советници во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија..

На седницата учествуваа и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација во врска со измена на Тендерската документација за втора фаза во постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со измена на Тендерската документација за втора фаза во постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Тендерска документација и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Ја одобри измената на Тендерската документација за втора фаза во постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со заклучок истата да се дополни во Анекс 5 точка 4 од Инструкциите за понудувачите, со искуството во трговијата со електрична енергија на понудувачите на пазарите во Република Северна Македонија и во ЕУ и тоа:

- искуството во трговијата со електрична енергија на понудувачите на пазарите во Република Северна Македонија и во ЕУ кумулативно да се бодува со 10 бода;

- искуството во трговијата со електрична енергија на понудувачите на пазарите само во Република Северна Македонија да се бодува со 5 бода и

- искуството во трговијата со електрична енергија на понудувачите на пазарите само во ЕУ да се бодува со 5 бода.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од три дена да ги информира сите потенцијални понудувачи кои подигнале документација за измената на Тендерската документација за втора фаза во постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја достави до Владата на Република Северна Македонија изменетата Тендерска документација на македонски јазик.“

## Точка 2

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 3

Владата го разгледа Барањето за донесување решение за избор на национален координатор за трансплантација и заменик на националниот координатор за трансплантација, со Предлог-решение и донесе Решение за избор на национален координатор за трансплантација и Решение за избор на заменик на националниот координатор за трансплантација, со заклучок текстот на истите претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 10:40 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**м-р Методија Димовски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Димитар Ковачевски**